Zavod za zastitu na spomenic.
na kultura na grad
91000 Skopje

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 18 септември 1981

БЕЛГРАД

БРОЈ 49 ГОД. XXXVII

Цена на овој број е 40 динари. — Претплатата за 1981 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

536.

Врз основа на член 17 ст. 6 и 7, член 29 и член 66 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ И НА ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИВНАТА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за начинот и условите за користење на задолжителната резерва на банките и на другите финансиски организации за одржување на нивната дневна ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/77, 66/79 и 55/80) во точка 4 став 1 процентот: „0,05%" се заменува со процентот: „0,06%".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 47
10 септември 1981 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

537.

Врз основа на член 33 и член 66 став 1 точка 7 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОПШТИ УСЛОВИ НА КРЕДИТНАТА СПОСОБНОСТ НА БАНКИТЕ И НА ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Во Одлуката за минималните општи услови на кредитната способност на банките и на другите финансиски организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/81) во точка 6 зборовите: „од 14 септември 1981 година" се заменуваат со зборовите: „од 14 октомври 1981 година".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 48
10 септември 1981 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

538.

Врз основа на член 24 и член 66 став 1 точка 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во согласност со точка 2 на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ПЛАСМАНИТЕ НА БАНКИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 1981 ГОДИНА

1. Во Одлуката за усогласување на обемот и динамиката на порастот на пласманите на банките во периодот од 1 јули до 30 септември 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/81) во точка 1 во одредбата под 2 зборовите: „и 30 септември" се бришат, а точката на крајот на таа одредба се заменува со точка и запирка.

По одредбата под 2 се додава нова одредба, која гласи:

„3) до 14,5% на ден 30 септември 1981 година."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 49
10 септември 1981 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

539.

Врз основа на член 30 и член 66 став 1 точка 5 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА БАНКИТЕ И НА ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИВНАТА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за начинот и условите на користење на резервниот фонд на банките и на другите финансиски организации за одржување на нивната дневна ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/81) во точка 8 зборовите: „од 14 септември 1981 година" се заменуваат со зборовите: „од 14 октомври 1981 година".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 51
10 септември 1981 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

540.

Врз основа на чл. 16, 19 до 25 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во согласност со одредбите на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80) и на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1981 ГОДИНА

1. Во Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/81 и 42/81) во точка 1 став 1 одредба под 2 по зборовите: „организациите на здружен труд" се додаваат зборовите: „или нивните интерни банки".

2. Во точка 3 став 1 по зборовите: „организациите на здружен труд" се додаваат зборовите: „или нивните интерни банки".

3. Во точка 6 во одредбата под 1 по зборовите: „во областа на стопанството" се додаваат зборовите: „или нивните интерни банки".

Во одредбата под 2 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „со авал на банката или на другите корисници на општествени средства".

4. Во точка 7 став 1 по зборовите: „од областа на стопанството" се додаваат зборовите: „или од нивните интерни банки", на обете места, а по зборовите: „тие организации" се додаваат зборовите: „или нивните интерни банки".

Во став 2 во одредбата под 2 по зборовите: „организациите на здружен труд" се додаваат зборовите: „или нивните интерни банки".

5. Во точка 10 по зборовите: „на тие меници," се додаваат зборовите: „на авал од банката,".

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 50
10 септември 1981 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

541.

Врз основа на член 32 и член 66 став 1 точка 17 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДНЕВНАТА ЛИКВИДНОСТ

1. Во Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/81), во точка 7 зборовите: „од 14 септември 1981 година" се заменуваат со зборовите: „од 14 октомври 1981 година".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 52
10 септември 1981 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р Ксенте Богоев, с. р.

542.

Врз основа на член 56 став 2 од Уставот на СФРЈ и член 389 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр 53/76), Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Босна и Херцеговина, Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Црна Гора, Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Македонија, Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Словенија и Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Србија без автономните покраини, склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

ЗА ОСНОВАЊЕ СОЈУЗ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА ПОШТЕНСКИ, ТЕЛЕГРАФСКИ И ТЕЛЕФОНСКИ СООБРАЌАЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради договарање и самоуправно спогодување за прашањата од заеднички интерес за давателите

и корисниците на поштенски, телеграфски и телефонски услуги (во натамошниот текст: ПТТ услуги), заради остварување и унапредување на меѓусебната соработка, размена на искуства и координација на заедничките акции, самоуправните интересни заедници за поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај на републиките и на автономните покраини (во натамошниот текст: здружените заедници), со оваа самоуправна спогодба се здружуваат и основаат Сојуз на самоуправните интересни заедници за поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај на Југославија (во натамошниот текст: Сојуз на заедниците).

Меѓусебните односи на здружените заедници се засноваат врз принципите за рамноправност, заемност и заеднички интереси.

Самоуправното спогодување и договарање се основниот начин за остварување на целите на Сојузот на заедниците и за уредување на односите меѓу здружените заедници.

Член 2

Во согласност со одредбите од член 1 на оваа спогодба, здружените заедници своите меѓусебни односи, права обврски и одговорности ги утврдуваат со оваа спогодба, со Статутот на Сојузот на заедниците и со други самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците.

Член 3

Сојузот на заедниците во својата работа и во извршувањето на своите работи и задачи ја остварува политиката утврдена со Општествениот план на Југославија, со резолуцијата за спроведување на Општествениот план на Југославија, како и со општествените договори и самоуправните спогодби што ги склучил или кон кои пристапил, во согласност со Уставот на СФРЈ и законот.

Сојузот на заедниците иницира мерки што се преземаат заради спроведување на политиката од став 1 на овој член и учествува во нивното подготвување.

Член 4

Сојузот на заедниците учествува во склучувањето на општествени договори и самоуправни спогодби со кои презема определени права и обврски во извршувањето на своите задачи или ако тие договори и спогодби се однесуваат на прашања од интерес за ПТТ сообраќај.

Член 5

Сојузот на заедниците донесува свои планови како и програма за работа.

Член 6

Во извршувањето на своите задачи Сојузот на заедниците соработува со Собранието на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата, Стопанската комора на Југославија, Заедниците на ЈПТТ со општествено-политичките и други општествени организации, со самоуправните организации и заедници и со други организации во федерацијата, како и со стручни и научни организации и институции што се занимаваат со прашања од областа на ПТТ сообраќај, во согласност со одредбите од оваа спогодба и со самоуправните општи акти на тие органи и организации.

Остварувајќи соработка со органите и организациите од претходниот став, Сојузот на заедниците ги разгледува ставовите, иницијативите и мислењата на овие органи и организации и за заземените ставови го известува органот или организацијата што ја покренала иницијативата или што го изложила својот став по определено прашање.

Член 7

Во работата на Сојузот на заедниците можат да учествуваат претставници на сојузните органи и организации по прашањата од интерес за федерацијата, како и други заинтересирани органи и организации.

Член 8

Сојузот на заедниците е општествено-правно лице со правата, обврските и одговорностите што ги има врз основа на Уставот на СФРЈ, законот, одредбите од оваа спогодба и Статутот на Сојузот на заедниците.

Сојузот на заедниците се запишува во регистар кај надлежниот суд.

За своите обврски Сојузот на заедниците одговара со средствата со кои располага.

Член 9

Називот на Сојузот на заедниците е: Сојуз на самоуправните интересни заедници за поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај на Југославија.

Седиштето на Сојузот на заедниците е во Белград.

Член 10

Со Сојузот на заедниците управуваат здружените заедници врз принципите на делегатскиот систем.

Член 11

Со Сојузот на заедниците управуваат здружените заедници преку заеднички делегации на давателите и на корисниците на ПТТ услуги.

Сите делегации од став 1 на овој член се состојат од ист број делегати.

Во секоја делегација еднаков е бројот на делегатите на давателите на ПТТ услуги и на делегатите на корисниците на ПТТ услуги.

Член 12

Орган на управување со Сојузот на заедниците е Собранието на Сојузот на заедниците.

Собранието на Сојузот на заедниците се формира врз делегатски принцип.

Член 13

За разгледување и проучување на одделни прашања од својот делокруг и за поднесување предлози по тие прашања, Собранието на Сојузот на заедниците има постојани, а, по потреба, може да формира и повремени тела.

Член 14

Сојузот на заедниците има секретар.

Член 15

Сојузот на заедниците има Одбор на самоуправната контрола.

Членовите на Одборот на самоуправната контрола ги избираат здружените заедници во еднаков број.

Член 16

Сојузот на заедниците го преставува претседавачот на Претседателството на Собранието на Сојузот на заедниците.

Сојузот на заедниците во имотните и други правни односи го застапува секретарот на Сојузот на заедниците.

Секретарот на Сојузот на заедниците може да овласти друго лице да го застапува Сојузот на заедниците во определени работи.

Член 17

Работата на Сојузот на заедниците е јавна.

Член 18

Сојузот на заедниците има статут кој се донесува на начинот утврден со оваа самоуправна спогодба.

Со Статутот на Сојузот на заедниците поблиску се уредуваат прашањата и односите што се утврдени со оваа самоуправна спогодба, прашањата и односите за кои со оваа самоуправна спогодба е определено дека ќе се регулираат со Статутот и други прашања што се од значење за остварувањето на целите заради кои се основа Сојузот на заедниците.

Член 19

Вршењето на стручните и административните работи Сојузот на заедниците може да и го довери на Работната заедница на стручните служби на Заедницата на ЈПТТ, во спогодба со Заедницата на ЈПТТ, или на друга организација, односно работна заедница.

Одлука за доверување на стручните и административните работи од став 1 на овој член донесува Собранието на Сојузот на заедниците.

Видот, начинот и обемот на вршењето на работите од став 1 на овој член, како и меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат, од тоа, се уредуваат со посебна самоуправна спогодба или договор.

Член 20

Сојузот на заедниците може вршењето на определени стручни работи да им го довери и на одделни научни и стручни институции, на организации на здружен труд и на заедници.

Член 21

Сојузот на заедниците организира размена на информации на здружените заедници за прашањата од нивниот делокруг, размена на искуства и укажување на меѓусебна стручна помош.

II. РАБОТИ И ЗАДАЧИ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 22

Заради остварување на целите на здружувањето од член 1 на оваа спогодба, здружените заедници, во рамките на Сојузот на заедниците, врз принципите на рамноправност и заемност, се договараат и спогодуваат:

1) за усогласувањето и утврдувањето на заедничката политика на развојот на ПТТ сообраќај со потребите и интересите на корисниците и давателите на ПТТ услуги во поглед на магистралните и меѓународните капацитети на ПТТ мрежа;

2) за усогласувањето на плановите и програмите за развој на магистралните и меѓународните капацитети на ПТТ мрежа од заеднички интерес за функционирањето на југословенските ПТТ и, врз основа на тоа, за утврдувањето на основите за здружување на средствата заради остварување на тие планови и програми;

3) за мерките и акциите во врска со утврдувањето и спроведувањето на договорот за основите на општествениот план на Југославија кој се однесува на ПТТ сообраќај и на другите договори од значење за давателите и корисниците на ПТТ услуги;

4) за предлозите за системски решенија со кои се уредува економската положба на организациите на здружен труд од ПТТ сообраќај и се подобруваат условите за стопанисување во рамките на стопанството како целина;

5) за утврдувањето на заедничката подолгорочна политика на цените за ПТТ услуги што се од интерес за целата земја, во согласност со системот и со утврдената политика на цените;

6) за поврзувањето со други самоуправни интересни заедници, органи и организации на ниво на федерацијата, а особено во областа на сообраќајот и врските, заради спроведување на Општествениот договор за општиот план на врските на Југославија и на другите договори од интерес за ПТТ сообраќај;

7) за основите и принципите за усогласување на условите и мерките за порамномерно користење на ПТТ капацитети во меѓумесниот и меѓународниот телеграфски и телефонски сообраќај и, во врска со тоа, за односите меѓу давателите и корисниците на ПТТ услуги;

8) за основите и принципите за донесување на Номенклатурата на ПТТ услуги што задолжително се вршат на целата територија на Југославија и за основите и принципите за донесување на Општите услови за вршење на ПТТ услуги со кои се определуваат единствените услови под кои ПТТ организации ги вршат одделните видови на ПТТ услуги и постапката за остварување на меѓусебните права и обврски на ПТТ организации и на корисниците на ПТТ услуги во врска со вршењето, односно користењето на ПТТ услуги;

9) за мерките и акциите што се однесуваат на прашањата од општонародната одбрана и општествената самозаштита, а кои се во врска со задачите на Сојузот на заедниците.

Во Сојузот на заедниците можат да се разгледуваат и други прашања од заеднички интерес за кои ќе се договорат здружените заедници и тоа ќе го утврдат со посебна самоуправна спогодба или прашања што ќе ги постават Заедницата на ЈПТТ или сојузните органи и организации.

Член 23

Здружените заедници, во рамките на Сојузот на заедниците, можат да дадат иницијатива за презимање на мерки и за донесување на прописи што се од значење за општите услови за стопанисување и за развој на ПТТ сообраќај, да разгледуваат нацрти на прописи и мерки на сојузните органи и, во врска со тоа, да даваат мислења и забелешки.

Член 24

За реализација на заеднички утврдената политика и, врз основа на тоа, на заеднички усогласените планови и програми за развој на магистралните и меѓународните капацитети на ПТТ мрежа, во рамките на Сојузот на заедниците се иницира и се поттикнува здружувањето на трудот и средствата на давателите и корисниците на ПТТ услуги, на општествено-политичките заедници и на други самоуправни интересни заедници и организации.

Начинот на здружувањето на средствата, нивниот карактер и намена, како и начинот на реализација на здружените средства се утврдуваат со посебна самоуправна спогодба.

III. САМОУПРАВУВАЊЕ ВО СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

1. Собрание на Сојузот на заедниците

Член 25

Со работите на Сојузот на заедниците управува Собранието на Сојузот на заедниците.

Член 26

Собранието на Сојузот на заедниците го сочинуваат делегации на собранијата на здружените заедници.

Собранието на секоја здружена заедница избира делегација во Собранието на Сојузот на заедниците од четири члена, од кои двајца од редот на делегатите на давателите на ПТТ услуги и двајца од редот на делегатите на корисниците на ПТТ услуги.

Делегатите во Собранието на Сојузот на заедниците дејствуваат спрема насоките на здружените заедници што ги делегирале.

Мандатот на делегатот во Собранието на Сојузот на заедниците трае колку и неговиот мандат во здружената заедница што го делегирала.

Никој не може повеќе од двапати едноподруго да биде избиран за делегат во Собранието на Сојузот на заедниците.

Член 27

Собранието на Сојузот на заедниците:

1) врши договарање и спогодување за работите определени во чл. 22. 23 и 24 на оваа спогодба;

2) го донесува Статутот на Сојузот на заедниците, други самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците, одлуки, препораки и заклучоци и зазема ставови по прашањата од својата надлежност;

3) одлучува за склучувањето на општествени договори и самоуправни спогодби чијшто е потписник Сојузот на заедниците;

4) го донесува планот, програмата за работа, финансискиот план и завршната сметка на Сојузот на заедниците;

5) ги утврдува предлозите на самоуправни спогодби што, во рамките на Сојузот на заедниците, ги склучуваат здружените заедници и други организации;

6) го усвојува извештајот за работата на Сојузот на заедниците;

7) ги избира и разрешува членовите на Претседателството на Собранието на Сојузот на заедниците и нивните заменици;

8) го избира и го разрешува претседавачот на Претседателството на Собранието на Сојузот на заедниците и неговиот заменик;

9) го именува и разрешува секретарот на Сојузот на заедниците;

10) донесува Деловник за својата работа;

11) врши и други работи определени со оваа спогодба и со Статутот на Сојузот на заедниците, како и работи што на Сојузот на заедниците ќе му ги доверат здружените заедници врз основа на одредбата од член 22 став 2 на оваа спогодба.

Член 28

Собранието на Сојузот на заедниците врши договарање и спогодување и донесува одлуки на седници.

При договарањето, заземањето на ставови и донесувањето на одлуки сите делегации на здружените заедници се рамноправни и секоја делегација има еден глас.

Собранието на Сојузот на заедниците донесува одлуки и заклучоци врз основа на усогласени ставови на сите делегации.

Ако за одделно прашање не се постигне согласност на делегациите, се спроведува постапка за усогласување на ставовите.

Ако ни по спроведената постапка за усогласување за определено прашање не се постигне согласност на сите делегации, се смета дека одлука, односно заклучок не е донесен.

Начинот и постапката за усогласување на ставовите на делегациите се уредуваат со Статутот на Сојузот на заедниците.

2. Претседателство на Собранието на Сојузот на заедниците

Член 29

Претседателството на Собранието на Сојузот на заедниците (во натамошниот текст: Претседателство на Собранието) е колегијален орган на Собранието на Сојузот на заедниците.

Претседателството на Собранието има осум членови и исто толку заменици, што ги избира Собранието на Сојузот на заедниците од редот на делегатите на делегациите во Собранието на Сојузот на заедниците.

Од редот на делегатите на секоја делегација се избира по еден член во Претседателството на Собранието и негов заменик.

Мандатот на членовите на Претседателството на Собранието и на нивните заменици трае онолку, колку што трае нивниот мандат во делегацијата што ги делегирала.

Собранието на Сојузот на заедниците го избира претседавачот на Претседателството на Собранието и неговиот заменик од редот на членовите на Претседателството на Собранието по редослед со кој се обезбедува начелото за рамноправноста, а нивниот мандат трае година дена.

Претседавачот на Претседателството на Собранието претседава на седниците на Собранието на Сојузот на заедниците и го претставува Сојузот на заедниците.

Член 30

Претседателството на Собранието ги врши следните работи:

1) му предлага на Собранието на Сојузот на заедниците донесување на статут и на други самоуправни општи акти;

2) ги предлага плановите и програмите на Сојузот на заедниците;

3) се грижи за спроведувањето на плановите и програмите на Сојузот на заедниците и презема мерки за извршување на тие планови и програми;

4) се грижи за спроведувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на Собранието на Сојузот на заедниците;

5) му поднесува на Собранието на Сојузот на заедниците извештаи за својата работа;

6) врши и други работи што ќе ги определи Собранието на Сојузот на заедниците.

Претседателството на Собранието ги подготвува седниците на Собранието на Сојузот на заедниците и материјалите по сите прашања од дневниот ред на односните седници на Собранието.

Заради подготвување на материјалите од став 2 на овој член, Претседателството на Собранието, по потреба, формира комисии и други тела во согласност со овластувањата на Собранието на Сојузот на заедниците.

Претседателството на Собранието за својата работа му одговара на Собранието на Сојузот на заедниците.

3. Постојани и повремени тела на Собранието на Сојузот на заедниците

Член 31

За разгледување и проучување на одделни прашања од својот делокруг и за поднесување предлози по тие прашања, Собранието на Сојузот на заедниците има постојани, а по потреба, може да формира и повремени тела.

Со Статутот на Сојузот на заедниците се утврдуваат постојаните тела на Собранието на Сојузот на заедниците, нивните задачи, состав и начин на работата.

Задачите, составот и начинот на работата на повремените тела ги утврдува Собранието на Сојузот на заедниците со актот за нивното основање.

Постојаните и повремените тела на Собранието на Сојузот на заедниците се состојат од членови што ги делегираат здружените заедници од редот на делегатите на Собранието на Сојузот на заедниците, од самоуправните интересни заедници на ПТТ сообраќај и од редовите на стручните, општествените и јавните работници.

4. Одбор на самоуправната контрола

Член 32

Заради заштита на самоуправните права и интереси, како и заради контрола на остварувањето на

целите и извршувањето на работите на Сојузот на заедниците утврдени со оваа спогодба и со други самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците, во Сојузот на заедниците се формира Одбор на самоуправната контрола.

Член 33

Одборот на самоуправната контрола врши контрола во поглед на: спроведувањето на оваа самоуправна спогодба, на Статутот на Сојузот на заедниците и на другите општи акти на Собранието на Сојузот на заедниците; остварувањето на самоуправните права и должности; одговорното и наменското користење на средствата и остварувањето на другите права, должности и активности определени со оваа самоуправна спогодба и со Статутот на Сојузот на заедниците.

Одборот на самоуправната контрола како орган на Сојузот на заедниците е независен во својата работа.

Член 34

Одборот на самоуправната контрола има право и должност за забележаните негативни појави и за своите мислења да ги известува собранијата на здружените заедници и Собранието на Сојузот на заедниците, односно органите што во Сојузот на заедниците се надлежни да ги отстранат тие појави.

Член 35

Секоја здружена заедница избира во Одборот на самоуправната контрола по еден член.

Мандатот на членот на Одборот на самоуправната контрола трае онолку колку што трае неговиот мандат во здружената заедница што го избрала.

Член 36

Извештајот за својата работа Одборот на самоуправната контрола го поднесува до собранијата на здружените заедници и до Собранието на Сојузот на заедниците.

Член 37

Организацијата, делокругот на работата и другите прашања од значење за работата на Одборот на самоуправната контрола, се регулираат со Статутот на Сојузот на заедниците и со деловникот за работата на Одборот.

IV. СЕКРЕТАР НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 38

Сојузот на заедниците има секретар.

Секретарот се именува и разрешува од Собранието на Сојузот на заедниците.

За својата работа секретарот одговара пред Собранието на Сојузот на заедниците.

Секретарот презема мерки и се грижи за извршувањето на работите што се определени со оваа самоуправна спогодба.

Секретарот го застапува Сојузот на заедниците во имотните и други правни односи, а може да овласти друго лице да го застапува Сојузот во определени работи.

Условите и постапката за именување и разрешување на секретарот, начинот на изборот и траењето на мандатот, како и поблиските одредби за делокругот на неговата работа, се утврдуваат со Статутот на Сојузот на заедниците.

V. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 39

Средствата потребни за работа на Сојузот на заедниците се обезбедуваат со придонес на здружените заедници.

Придонесот на секоја одделна здружена заедница во обезбедувањето на средствата за работа на Сојузот на заедниците е сразмерен на доходот со кој нејзината република, односно автономна покраина учествува во националниот доход на СФРЈ.

Член 40

Височината на средствата потребни за работа на Сојузот на заедниците за секоја година ја утврдува и средствата ги распоредува Собранието на Сојузот на заедниците со финансиски план, врз основа на програмата за работа на Сојузот на заедниците за односната година.

VI. ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ НА ДЕЛЕГАЦИИТЕ И ДЕЛЕГАТИТЕ

Член 41

Јавност на работата на Сојузот на заедниците и информирањето на делегациите и делегатите се остваруваат со редовно известување на јавноста и на делегациите и делегатите за работата на органите на Сојузот на заедниците со навремено доставување до делегациите и делегатите материјали за кои се расправа и одлучува во Собранието на Сојузот на заедниците, со поднесување и објавување на извештаите за работата на Собранието на Сојузот на заедниците и на програмата за работа, со создавање услови за средствата за јавно информирање да можат да ја следат работата на Сојузот на заедниците со објавување на самоуправните општи акти на Сојузот на заедниците и на другите поважни материјали, и на друг соодветен начин.

Начинот на остварување на јавноста на работата и на информирањето на делегациите и делегатите се уредува со Статутот на Сојузот на заедниците.

VII. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА САМОУПРАВНИТЕ ОПШТИ АКТИ НА СОЈУЗОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Член 42

Самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците се оваа спогодба, другите самоуправни спогодби, Статутот и другите самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците.

Член 43

Предлог за измени и дополненија на оваа спогодба може да поднесе секоја здружена заедница.

Предлогот за измени и дополненија на оваа спогодба им се доставува во писмена форма на сите здружени заедници, кои се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот да се изјаснат за основаноста на предлогот.

Ако со предлогот од став 2 на овој член не се изјаснат сите здружени заедници, се смета дека предлогот не е прифатен.

Собранието на Сојузот на заедниците може и по сопствена иницијатива да поднесе предлог за измени и дополненија на оваа спогодба.

Предлогот за измени и дополненија на оваа спогодба мора да содржи и образложение.

Член 44

Ако сите здружени заедници се согласат со предлогот за измени и дополненија, Собранието на Сојузот на заедниците го утврдува текстот на предлогот на самоуправната спогодба за измени и дополненија на оваа спогодба и го доставува до здружените заедници — на усвојување и потпишување.

Член 45

Ако во однос на предложените измени и дополненија здружените заедници немаат исти ставови ќе се спроведе постапка за усогласување.

Ако ни по спроведената постапка од став 1 на овој член не се постигне согласност на сите здружени заедници, се смета дека измените и дополненијата не се усвоени.

Член 46

Здружените заедници можат, во рамките на Сојузот на заедниците, да склучуваат и други самоуправни спогодби, во согласност со целите и задачите на Сојузот на заедниците.

Одредбите од чл. 43, 44 и 45 на оваа спогодба сообразно се применуваат и на склучувањето на самоуправните спогодби од став 1 на овој член.

Член 47

Статутот и другите самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците ги донесува Собранието на Сојузот на заедниците.

Нацртот на Статутот или на друг самоуправен општ акт на Сојузот на заедниците им се доставува на здружените заедници најдоцна 30 дена пред одржувањето на седницата на Собранието на Сојузот на заедниците на која ќе се расправа за тие акти.

Член 48

Оваа спогодба и нејзините измени и дополненија се објавуваат во „Службен лист на СФРЈ".

Начинот на објавувањето на другите самоуправни општи акти на Сојузот на заедниците се уредува со Статутот на Сојузот на заедниците.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Здружените заедници се здобиваат со права и обврски на член на Сојузот на заедниците со денот на влегувањето во сила на оваа спогодба.

Член 50

Подготовките за конституирање и за почеток на работата на Сојузот на заедниците ќе ги изврши Иницијативниот одбор за основање Сојуз на заедниците именуван од Координациониот одбор за дејствување на самоуправните интересни заедници при Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија (во натамошниот текст: Иницијативниот одбор).

Член 51

Иницијативниот одбор има право и должност:

1) да ги презема потребните дејствија за избор на делегати и делегации во Собранието на Сојузот на заедниците и на делегати во Одборот на самоуправната контрола;

2) да ја свика првата седница на Собранието на Сојузот на заедниците и да ги изврши другите дејствија непоходни за конституирање и почеток на работата на Сојузот на заедниците;

3) да изготви предлози на статутот на програмата за работа и на финансискиот план на Сојузот на заедниците;

4) да ги предложи вршителот на должноста секретар на Сојузот на заедниците.

Член 52

Првата седница на Собранието на Сојузот на заедниците избрана врз основа на оваа спогодба ќе се одржи најдоцна во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на оваа спогодба.

Член 53

Во согласност со одредбите од оваа спогодба, Собранието на Сојузот на заедниците ќе го донесе Статутот на Сојузот на заедниците во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа спогодба.

Член 54

Оваа спогодба се смета склучена кога ќе ја усвојат собранијата на здружените заедници и ќе ја потпишат овластени претставници на тие заедници.

Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Хрватска, Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на САП Косово и Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на САП Војводина кога ќе бидат основани и конституирани можат дополнително да пристапат кон оваа спогодба под истите услови што се утврдени за другите здружени заедници.

Член 55

Оваа спогодба влегува во сила со денот на потпишувањето.

Оваа спогодба ќе биде објавена во „Службен лист на СФРЈ".

3 јуни 1981 година
Белград

За Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Босна и Херцеговина
Спасое Степановиќ, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Црна Гора
Радомир Прелевиќ с. р.

За Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Македонија
Кузман Бужаровски, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Словенија
Лојзе Скок, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за ПТТ сообраќај на СР Србија без автономните покраини
Драган Николиќ, с. р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕН 16 ОД ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА ЕДИНСТВЕНОТО МОНЕТАРНО РАБОТЕЊЕ НА НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

1. Сложената организација на здружен труд УПИ — Сараево, од Сараево, со предлог поведе постапка пред Уставниот суд на Југославија за оценување на уставноста на член 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76).

Предлагачот ја оспорува уставноста на член 16 од наведениот закон зашто смета дека не е согласен со чл. 41 и со член 260 на Уставот на СФРЈ, бидејќи, во смисла на член 16 од оспорениот закон, како банки се подразбираат основните и здружените банки, а не и банките во состав на организациите на здружен труд, поради што меѓиците со авал на интерна банка не можат да се ресконтираат кај Народната банка на Југославија иако, од становиштето на сигурноста за намирување на обврските, често е поголема гаранцијата на интерните банки отколку на некои основни банки.

2. Во одговорот на предлогот од предлагачот, Собранието на СФРЈ наведе дека во став 1 на член

41 од Уставот на СФРЈ е утврдено дека, ако организација на здружен труд се занимава и со банкарско работење, другите организации на здружен труд, односно општествените правни лица, во поглед на тоа работење, во начело, ги имаат истите права што во банката ги имаат општествените правни лица со чии средства работи банката, што значи дека Уставот изречно не ги утврдил истите права на општествените правни лица спрема банкарското работење што се врши во организациите на здружен труд во однос на овие работи во банката. Во член 41 став 2 на Уставот на СФРЈ е утврдено дека врз банкарското работење во организациите на здружен труд се применуваат начелата што се однесуваат на работењето на банките. Оваа одредба не се однесува на положбата на интерните банки, односно на нивните права и обврски, туку на тоа дека интерната банка работи според начелата кои во работењето важат и за другите банки.

Според мислењето изнесено во одговорот, предлагачот иницира прашања што не се однесуваат на неуставноста на член 16 од оспорениот закон, туку се однесуваат на неусогласеноста помеѓу одделни сојузни закони, на нивното толкување и примена, и тоа на оние закони со кои е уредено прашањето на положбата на интерните банки.

3. Според Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, народните банки се установи на единствениот монетарен систем, кои ја спроведуваат заедничката емисиона политика. Регулирањето на количината на парите во оптек е основна задача на Народната банка на Југославија во спроведувањето на заедничката емисиона политика. Во оспорениот член 16 на овој закон се пропишани мерките за спроведување на оваа политика. Една од тие мерки е купување, преку банките, преносливи краткорочни хартии од вредност на организациите на здружен труд, издадени врз основа на нивните стоковно-парични работи, ако на тие хартии се дадени аваљи од страна на банката. Во оспорениот член 16 став 6 на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини е утврдено дека, во смисла на овој закон, како банки се подразбираат основните банки и здружените банки, така што Народната банка на Југославија не може да откупува меници што ги авалира интерната банка.

Со Уставот на СФРЈ, во одредбата на член 41 став 2, е утврдено дека врз внатрешното банкарско, или слично работење, ако се организира во организациите на здружен труд, се применуваат начелата што се однесуваат на работењето на банките од член 39 на Уставот на СФРЈ.

Според ставот на Уставниот суд на Југославија, во оспорениот член 16 на Законот, содржано е, во согласност со одредбата на член 260 од Уставот на СФРЈ, решение според кое мерките, што ги презема Народната банка на Југославија, заради регулирање на количините на парите во оптек, се однесуваат само на основните и здружените банки, а не и на интерните банки. Со ова не се доведуваат во нерамноправна положба интерните банки, бидејќи врз нив, поради природата на нивното работење, како внатрешно банкарско работење во организациите на здружен труд, не се однесуваат ни мерките на ограничување од истата одредба на Законот за кои се овластени да ги преземат народните банки спрема основните и здружените банки. Начинот на кој се уредени овие односи со Законот, иако можеле да бидат поинаку уредени, според ставот на Уставниот суд на Југославија, не е во несогласност со одредбите на чл. 41 и 260 од Уставот на СФРЈ.

Врз основа на член 375 став 1 точка 1 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија, по одржаната јавна расправа на 23 април 1981 година, донесе едногласно

Одлука

Се одбива предлогот на Сложената организација на здружен труд УПИ — Сараево, од Сараево, да се утврди дека одредбите на член 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини се несогласни со Уставот на СФРЈ.

Оваа одлука Судот ја донесе во состав: претседателот на Судот Никола Секулиќ и судиите: Рамадан Враниќи, Милорад Достаниќ, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Славко Кухар, Воислав Ракиќ, Јаким Спировски, д-р Јосиф Трајковиќ и Мијушко Шибалиќ.

У. бр. 151/80
23 април 1981 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
Никола Секулиќ, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

536. Одлука за имена на Одлуката за начинот и условите за користење на задолжителната резерва на банките и на другите финансиски организации за одржување на нивната дневна ликвидност — — — 1277
537. Одлука за измена на Одлуката за минималните општи услови на кредитната способност на банките и на другите финансиски организации — — — — — 1277
538. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за усогласување на обемот и динамиката на порастот на пласманите на банките во периодот од 1 јули до 30 септември 1981 година — — — — — — — 1277
539. Одлука за измена на Одлуката за начинот и условите на користење на резервниот фонд на банките и на другите финансиски организации за одржување на нивната дневна ликвидност — — — — — — 1278
540. Одлука за дополненија на Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1981 година — 1278
541. Одлука за измена на Одлуката за кредитирање на банките за одржување на дневната ликвидност — — — — — 1278
542. Самоуправна спогодба за основање Сојуз на самоуправните интересни заедници за поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај на Југославија — — — — 1278

Одлука за оценување на уставноста на член 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини — — — — — — — 1283

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.